**Известување за концентрација со која Арицома а.с. Чешка ќе стекне контрола над ГИСТ с.р.о., Чешка**
**(предмет бр. 08-140/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 18.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Арицома а.с. (Aricoma a.s.) со седиште на Винохрадска 1511/230, 100 00 Прага 10, Република Чешка има намера да стекне целосна контрола врз ГИСТ с.р.о. (GIST, s.r.o) со седиште на Цоллинова 421, Вјекоше, 500 03 Храдец Кралове, Република Чешка

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Арицома а.с е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании – особено Арицома Системс а.с (Aricoma Systems a.s.) (порано со назив Autocont AEC a.s) и Сабрис Консалтинг с.р.о (Sabris Consulting s.r.o) и Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити а.с (Aricoma Eterprise Cybersecrity a.s). Арицома Системс а.с се фокусира на имплементација на проекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка на деловните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. Сабрис Консалтинг се фокусира на САП експертиза, бизнис решенија и поврзани услуги. Арицома Ентерпрајс Сабејсекјурити обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за GDPR/усогласеност. Арицома припаѓа на ККЦГ Групацијата.
ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

- Киншифт ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации Киншифт Академи ДООЕЛ Скопје, порано со назив Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Трансакцијата е во врска со стекнување на целосна контрола од Арицома врз ГИСТ с.р.о. (GIST, s.r.o) со седиште на Цоллинова 421, Вјекоше, 500 03 Храдец Кралове, Република Чешка (Collinova 421, Věkoše, 500 03 Hradec Králové, Czech Republic), чија приоритетна дејност е во секторот за развој на софтвер по нарачка.

По пат на Предложената трансакција Групацијата ККЦГ ќе се стекне со целосна индиректна контрола врз ГИСТ с.р.о. преку поврзаното лице Арицома а.с.
Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар за предметната концентрација би можел да се дефинира пазарот на услуги од информатичка технологија („ИТ“) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

22.10.2024 година
Скопје